РЕГИОНАЛНА РОМСКА ОБРАЗОВНА МЛАДИНСКА АСОЦИЈАЦИЈА



# АНАЛИЗА НА ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА ЗА АНТИЦИГАНИЗАМ

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# Анализа на врсничка едукација за антициганизам -студија на случај

Овој материјал е создаден во рамките на проектот „Roma Youth Bring Change" (2021-2-HU01-KA210-YOU-000048113) поддржан од Програмата Еразмус+ на Европската Унија. Проектот ги обедини Фондацијата Аутономија (Унгарија), РРОМА (Северна Македонија) и мрежата ЕРГО за да ја развие и дисеминира методологијата на детективските игри и граѓански кампањи кои се фокусираат на општествени прашања – планирани и имплементирани од и насочени кон млади Роми и не-Роми. Ги обучивме младите луѓе во Унгарија и Северна Македонија како фасилитатори на игри и промотори на кампањи со цел да ги информираат своите врсници и да ги обликуваат нивните ставови поврзани со прашања релевантни за младите..

**Напишано од: Емилија Пановска и Урмета Арифовска**
**Преведено од: Емилија Пановска**
**Лектура од: Кристин Садброк**

Funded by the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината што ги одразува само гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

# СОДРЖИНА

02 Вовед

06 Граѓанска кампања

21 Детективска игра

# ВОВЕД

Од почетокот на човековото постоење до денес, дискриминацијата и расизмот имаат деструктивна улога во човештвото. Во одреден момент, секое лице доживеало чин на дискриминација или расизам. Овие верувања или процеси може да имаат многу облици и форми во зависност од околината и вклучените поединци. Во оваа студија на случај главниот фокус е расизмот кон Ромите, познат и како „антициганизам“. Ромите се најголемото етничко малцинство во Европа и во Северна Македонија; Со оглед на тоа што антициганизмот е најприфатениот облик на расизам во Европа, оваа заедница секојдневно се соочува со овој феномен.

Организацијата Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација (РРОМА) е основана во 2007 година, пред сѐ како мрежа која се концентрира на зајакнување и мобилизација на младите преку креативност, обуки и кампањи. Низ годините го прошири своето поле на дејствување на пошироко ниво, соработувајќи со национални и меѓународни организации и приклучувајќи се на мрежи кои споделуваат слична визија и признаваат дека борбата против антициганизмот мора да биде еден од главните приоритети на ромската заедница. Во текот на целата работа на оваа организација за борба против антициганизмот, кампањата и застапувањето се сметаат за една од најефикасните и најфункционалните алатки.

## ПОЗАДИНА И ТЕРМИНОЛОГИЈА

Поради ова, можеме да заклучиме дека е од клучно значење да се знае историското потекло на антициганизмот и дека, за да се спротивставиме на истиот, најефективната алатка е промовирање на позитивните вредности заедно со богатата историја и култура на ромската заедница.

Зборот „**антициганизам**" не е добро познат или прифатен меѓу луѓето во Северна Македонија. Македонците не се свесни дека зборот „*циган*" е пејоративен термин и може да биде навредлив за ромската заедница

„Циган" и „Ром" не се ниту синоними; ова е поткрепено со историската позадина на зборовите:

- „**Циган**" потекнува од грчкиот збор „*athínganos*" кој се користел за секта на еретички јасновидци и гатачи во Византиската империја во 11 век. Го носи значењето на „недопирлив".
- „**Ром**" потекнува од ромскиот збор „*rom*" што значи „човек".

Иако терминот „Роми" е официјално усвоен на Првиот светски конгрес на Ромите во Лондон во 1971 година, и оттогаш се користи во официјални документи, книги и институции, терминот „Циган" сè уште многу често се користи во секојдневниот живот, онлајн и офлајн во Северна Македонија и пошироко. Некои членови/групи на ромската заедница се нарекуваат себеси „цигани", но тоа не им го дава истото право на другите

## ОПШТА ПОДЕЛБА НА АНТИЦИГАНИЗМОТ

Самата терминологија не е единствената манифестација на антициганизам. Тоа е повеќеслојна појава на расизам и може да има многу облици и форми.

**Структурен антициганизам** е кога оваа форма на расизам станува дел од нашиот секојдневен живот; кога целиот систем, кој треба да го спречи антициганизмот, го прави спротивното. Кога медиумите ја прикажуваат негативната, стереотипна слика за ромската заедница која прикажува луѓе кои просат и живеат во сегрегирани области, кога училиштето ги сегрегира Ромите од не-Ромите, кога заедницата има ограничен пристап до здравствената заштита и до институциите воопшто… и списокот продолжува. Со едноставни зборови, структурниот антициганизам е тип на антициганизам кој е вграден во самата структура на системот. Додека структурниот антициганизам може да се најде внатре во институциите, тој може да се види и меѓу општеството во форма на говор на омраза, криминал од омраза, стереотипи и предрасуди.

Кога луѓето кои  се мета на антициганизам почнуваат да имаат криза на  идентитетот и на културата и не сакаат да се поврзуваат со историјата или културата на Ромите под влијание на говорот на омраза и расизмот со кој се соочуваат секојдневно, можеме да видиме манифестација на интернализиран антициганизам. Интернализираниот антициганизам може да биде и кон членовите на заедницата не само за да го сокријат својот идентитет туку и да се оддалечат од заедницата.

Антициганизмот може да има повеќе манифестации, но начините за негово спречување остануваат исти: Младинска работа, работа со медиуми, застапување и кампањи за промена на политиките и истражување се некои од алатките кои најчесто се користат кога се преземаат мерки против антициганизмот. Во текот на оваа студија на случај ќе го анализираме нашето искуство за подигање на свеста за антициганизмот преку кампањи и застапување во заедницата и усвојување на добрата практика на користење детективски игри за решавање на овој проблем со поддршка на нашите унгарски партнери „Детективити“ и „Фондација Аутономија“.

5

## ОДЛУКИ СО ЗАЕДНИЦАТА

Ги регрутиравме младите врснички едукатори вклучени во детективската игра и кампањата преку повик за апликации објавен на профилите на социјалните медиуми на РРОМА. Сите млади Роми и не-Роми помеѓу 15-25 години, од сите полови и потекло беа охрабрени да аплицираат, доколку се заинтересирани и подготвени да направат промена во заедницата. По изборот, младите ги поделивме во една група од 4 луѓе посветени на планирањето и реализацијата на детективската игра и друга група од 4 врсници кои би организирале граѓанска кампања. Моќта на одлучување во текот на имплементацијата на овој проект беше главно во рацете на младите луѓе, заедно со водството и фасилитирањето на претставниците на организацијата. На секој младич му беше дадена можност да одлучи во која група ќе биде поудобно да работи. Поделбата на групите главно се водеше според следниве стандарди:

- **Вештини:** Врз основа на вештините што ги поседувате, во која група можете подобро да придонесете?
- **Искуство**: Дали имате искуство во организирање или фасилитирање на игри или кампањи?
- **Интерес:** Која тема е поинтересна за вас?

Со двете групи заедно разговаравме на кое прашање/проблем би сакале да му пристапат со двата различни методи.
По обуката во Унгарија, откако искусија да учествуваат во детективска игра и видоа како може да се создаде кампања, младите беа одлучни дека сакаат да се фокусираат на темата антициганизам.
Мотивирана и поттикната од работната средина за време на обуката, групата предложи и подготви идеи кои би можеле да бидат корисни во текот на локалната и националната имплементација и планирање на детективската игра и граѓанска кампања. Примери за идеите и процесот на нивна евалуација и продлабочување ќе бидат објаснети во следните поглавја од студијата на случај.

# ГРАЃАНСКА КАМПАЊА

## ОБУКА НА МЛАДИТЕ И ПЛАНИРАЊЕ

Групата од 4 врснички едукатори кои сакаа да придонесат за создавање граѓанска  кампња беше формирана и процесот на планирање започна со  отпочнување на националната обука за врсници. Откако беа разјаснети правата и одговорностите на секое лице и беа разработени сите технички работи, започна фазата на изработка.

Идејата на групата беше да се подигне свеста за антициганизмот како форма на расизам присутен во секојдневниот живот и како да го препознаеме и спречиме. Групата ја нагласи важноста за онлајн и офлајн присуството за време на кампањата, бидејќи говорот на омраза денес се среќава во двете сфери.

Откако потемелно разговараше за антициганизмот, групата заклучи дека антициганизмот е претежно присутен поради недостаток на знаење во мнозинското општество за ромската култура и историја. Тие заклучија дека „поучувањето“ и споделувањето информации за историјата и културата на Ромите ќе бидат клучни за успехот на кампањата.

Нацрт-планот на кампањата во заедницата се состоеше од 4 постепени активности:

1

**Информативни сесии во училиштата:**
Сите нејасни поими ќе бидат објаснети со примери за секој да може да ја разбере суштината на презентацијата. После тоа ќе следи презентација, која може да се сподели и на социјалните и онлајн платформите. Сакавме да соработуваме со училиштата бидејќи училишните програми не даваат доволно информации за овие теми. Групата сакаше да се потруди да ја вметне оваа тема во наставните програми и да користи формален начин на презентација со цел да ја пренесе тежината и опасноста од антициганизмот.

2

**Онлајн видео кампања и квиз:**
Краток, забавен квиз за содржината на презентацијата објавен на интернет. Дополнително, најважно е да се биде краток и јасен со концизни прашања за да може темата на самиот проект да им се доближи. Преку квизот би сакале да добиеме и повратна информација дали публиката ја добила посакуваната информација и порака.

3

**Флешмоб**
Најзабавниот дел од кампањата за младите ќе биде флешмоб играта наречена „Ѕид на предрасудите“.
Ќе поставиме картонски ѕид со натпис: „научи повеќе за Ромите/антициганизмот...“; секој ќе дојде до ѕидот ќе добие порака да подигне „цигла”. Под „циглата” ќе најдат некои информации за темата. Ова ќе продолжи се додека не се сруши ѕидот и конечно ќе биде видлива следнава порака: „Честитки, успешно го проширивте и збогативте вашето гледиште за Ромите, а во исто време ги срушивте вашите ѕидови“.

4

**Флаери:**
Ќе поделиме флаери со QR код што ќе ги пренасочи луѓето до презентацијата за антициганизам.

Групата се согласи дека бидејќи секој од нив има различни вештини и интереси, двајца од нив ќе бидат задолжени за онлајн кампањата (презентација, флаери и квиз), а двајца за ракотворбите (подготовка на ѕидовите за флеш моб, сликање на цигли и создавање други материјали).
По барање на младите, националната обука главно се одвиваше онлајн. Состаноците беа редовно закажувани и комуникацијата беше честа, но како што одминуваше времето, се појавија некои предизвици во врска со динамиката на групата:

- **Конфликт при комуникација:** 2 врсници имаа личен конфликт и не сакаа да соработуваат, комуницираат и да споделуваат одговорности.
- **Недостаток на мотивација:** Во одреден момент некои врсници немаа мотивација да продолжат со активностите.
- **Намалена активност при групна работа:** Забележавме промена кај учесниците пред и по ставањето во групата. Пред да бидат ставени во група покажуваа повеќе труд и активност за време на активностите, а сега активноста се намали.

Сепак, промената на динамиката беше забележана пред да ги наруши резултатите и беше решена преку дискусија со претставниците од организацијата, но и меѓу самите врсници.

Забележавме интересна промена на ставот и активноста кога го споменавме финансискиот надоместок што ќе го добијат врсниците откако ќе се испорачаат финалните активности. И покрај тоа што сумата е симболична, таа беше доволна да ги мотивира младите ученици да го вложат својот интерес и време во активностите што следуваат.

## ЗАДАЧИ И МОДУЛИ НА ВРСНИЧКАТА ОБУКА

Обуката на четворицата млади задолжени за креирање на граѓанска кампања главно се одвиваше онлајн, но имавме и неколку состаноци лице в лице за да обезбедиме подобра групна динамика и посветеност на младичите. За таа цел користевме различни пристапи и методи, но на крајот моќта на одлучување беше во рацете на младите. Ги усвоивме и ги користевме методите со кои им беше најпријатно. Бидејќи некои од врсниците во групата на граѓанска кампања веќе имале искуство во креирање или учество во кампања, претставникот на организацијата ги охрабри да го споделат своето знаење. Секако, некои млади се согласија, а некои не со тоа што презентирање или фасилитирање не е во нивната комфорната зона. Во текот на обуката, некои методи беа приспособени или отфрлени како што напредуваше процесот на креирање на граѓанската кампања. Еве неколку модули за учење и задачи што се користат за време на обуката:

**1**

**Длабинско учење за темата**

Првата средба со учесниците по креирањето на групите беше посветена на учењето за антициганизмот. Само едно лице имало претходно искуство со работа на оваа тема; другите тројца знаеја само поедноставена дефиниција. Затоа беше клучно да се организира работилница која ќе се фокусира на дефиницијата, манифестациите и примерите на антициганизмот во нашиот секојдневен живот. Работилниците беа интерактивни: врсниците можеа сами да истражуваат и добија материјали и презентации од организацијата. До крајот на работилницата, младите истакнаа дека мора да продолжат да учат за случаите на антициганизам за да имаат насока на која ќе го стават својот фокус и де обезбедат успех на кампањата.

2

**Бреинсторминг и изготвување нацрти:**
Појаснувањето дека не постои правилен и погрешен одговор е многу важно, бидејќи некои млади имаа страв да ги споделат своите мислења пред групата. Ова ги охрабри врсниците да започнат бреинсторминг идеи за тоа како антициганизмот може да се претстави преку кампањата. Сите учесници се чувствуваа слободни да ги споделат своите идеи и сите идеи беа одлични. Тие, исто така, гледаа видеа од различни кампањи за да се инспирираат. Откако се договорија за најинтересните елементи, почнаа да го подготвуваат првиот план. Беше амбициозно, но како што се одвиваа другите фази на планирање, тие почнаа да го менуваат планот со пореална перспектива. Важно е да не се врши притисок врз младите. Планирањето е процес кој бара време и енергија и може да се преобрази до точка каде што планот не е ништо како почетната идеја. Откако се договорија целната група, пораката, локациите, времето и концептот на кампањата, почнавме да ги подготвуваме материјалите.

3

**Самонасочување:**
Врсниците имаа автономија да одржуваат состаноци по своја волја и желба во нивните подгрупи. Сепак, нивното присуство на редовните состаноци со групата одговорна за детективската игра и претставниците на организацијата беше задолжително. Групата одлучи да формира група на Инстаграм каде што одржуваа состаноци во парови и со сите четворица за да им ја олеснат комуникацијата. Секогаш кога им беше потребна помош, бараа од претставниците да се придружат на нивниот повик. Претставниците не се приклучија на групата на Инстаграм бидејќи не сакаа да ги поттикнат младите  да се чувствуваат ограничено да се изразат. Еден од врсниците покажа импресивни лидерски вештини и навистина ги туркаше останатите

млади да имаат редовни состаноци и да поставува рокови за да ги мотивира да ги извршуваат своите задачи навремено. Во рамките на меѓусебната групна обука со групата на детективска игра, групата рече дека тоа што можат да управуваат со времето и задачите им било големо олеснување и им ги олеснило задачите.

4

**Играње на улога:**
Еден од методите користени во оваа група беше методот на играње улоги. Во текот на планирањето на играта, младите беа повеќе апсорбирани во улогата на фасилитатори, па заборавија да обрнат внимание на тоа како целните групи ќе се чувствуваат и ќе го разберат концептот. Претставникот на организацијата предложи да се преправаат дека веќе ја водат оваа кампања и треба да ги одржат инфо-сесиите со презентации, рефлексија, евалуација, подготовка на ѕидот итн. Додека играа улоги, сфатија дека можеби користат терминологија која целната група можеби нема да ја разбере. Од нив беше побарано да формулираат прашања или заклучоци од перспектива на целната група.

Еве примери земени од групата:

- Дали овие зборови ми се разбирливи и одговараат на вокабуларот на мојата возраст?
- Презентацијата е премногу формална.
- Не чувствувам дека учествувам во кампањата.
- Дали е мојата меморија или ова се многу информации за обработка за кратко време?

Учесниците потоа го искористија заклучокот од овие точки и прашања и се обидоа да ја прилагодат кампањата така што таа ќе биде повеќе разбирлива и блиска до целната група.

## ОПИС И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКАТА КАМПАЊА

Следејќи го претходно споменатиот нацрт-план за граѓанска кампања, младите го искористија како основа и го надградија на начин што кампањата ќе биде поефикасна и поблиска до целната група. Младите се задржаа на следните клучни елементи при креирањето на кампањата:

- Присуство на социјалните мрежи
- Воспоставување соработка со релевантните чинители
- Подготовка на материјали
- Испраќање на јасна порака
- Создавање пошироко и поголемо влијание

Од учењето за граѓанските кампањи и анализирањето на успешни примери, младите знаат дека испраќањето јасна и концизна порака е клучен дел од кампањата. По една рунда браинсторминг тие го создадоа едноставното решение „Антициганизам?“. Тие ја избраа оваа порака поради конфузијата на терминологијата што ја носи зборот „циган“ во мејнстрим општеството. Повеќето луѓе не знаат дека „антициганизмот“ како форма на расизам постои други пак и немаат слушнато за зборот.  Еден од младите едукатори ја објасни оваа порака врз основа на неговото искуство кога разговарал со некого и го спомнал поимот „антициганизам”: соговорникот реагирал со прашањето „анти-што?“; „Дали е тоа вистински збор?“. Оваа ситуација му се случила неколку пати.

Ставањето прашалник по антициганизмот го симболизира моментот кога некој го слуша зборот и го повторува, внимавајќи правилно да го слушнат зборот.

Бидејќи четворицата врсници беа од различни градови, тие се согласија дека сакаат да информираат за кампањата во нивните локални области и да ги водат кампањите во Кратово, Прилеп и Скопје заради поголемо влијание. Врсниците ја дефинираа целната група како млади Роми и не-Роми меѓу 13-30 години. Најдобар начин да се привлече оваа возрасна група е преку социјалните мрежи. Од таа причина, врсниците создадоа објава со QR код што ќе ги доведе младите до основните информации за активностите на кампањата, како што се времето, местото и насловот.

Младите предложија да се соработува со локалните средни училишта и младински совети. Некои од младите едукатори веќе беа активни во младинските и училишните совети, па успеаја да воспостават комуникација што доведе до соработка. Тие се договорија училиштето да им ги обезбеди просториите за кампањата и да ја пренесе информацијата за истата. Младинските совети веќе имаа млади заинтересирани да учествуваат во кампањата на заедницата и детективската игра.

Групата ги подготви материјалите според планираното со поделба на улогите. Сепак, се одржа средба лице в лице за да се завршат ракотворбите: да се изгради „ѕидот од цигли“ со факти за историјата и културата на Ромите. Тие ги изработија презентациите за антициганизам и флаерите и ги испечатија. Младичите, исто така, разработија како да презентираат, а во исто време активноста да биде интерактивна. Тие исто така создадоа игра со изјави во која целните групи можеа да ги споделат своите искуства и мислења.

Конечно, кампањата беше спроведена во Скопје, Прилеп и Кратово со младински совети и локални средни училишта и поддржана од РРОМА. Младите успеаја успешно да ја спроведат кампањата и да ја пренесат пораката за антициганизмот.

**Скопје – Ѕид на предрасудите – Антициганизам?**

Првиот и најинтересниот дел од кампањата се одржа во Скопје. Групата се согласи да го организира флеш-мобот „Ѕид на предрасудите“ само во Скопје, бидејќи префрлањето на материјалите од еден град во друг беше тешко. Скопје како главен град е најпристапниот и најголемиот град, така што „Ѕидот“ навистина го привлече интересот на публиката.

Ѕидот беше поставен на најпреполната и најпрометната улица во Скопје во близина на главниот плоштад. Еден од младите ги делеше флаерите, еден стоеше зад ѕидот, а другите фотографираа и снимаа (со согласност!). На почетокот случајните минувачи не сакаа да се приближат, но потоа група туристи дојдоа до младите и беа љубопитни да видат што се случува - и успеаја да ги урнат нивните ѕидови! По групата, повеќе луѓе почнаа да се приближуваат до ѕидот, поставуваа прашања и открија факти за ромската заедница.

**Скопје: Втора работилница**

Втората работилница како дел од граѓанската кампања беше спроведена во ромската општина во Скопје - Шуто Оризари, во просториите на училиште и со помош на наставник кој исто така е активист за правата на Ромите. Наставникот организираше инфо сесија за антициганизмот со своите ученици и како ромски активист активно учествуваше на сесијата, охрабрувајќи ги учениците да поставуваат прашања и да го споделат своето мислење.

**Кратово: Две работилници**
Во просториите на гимназијата во Кратово младите организираа две работилници во две паралелки во форма на инфо сесии. Младите едукатори го презентираа концептот на антициганизам и ја играа играта со изјави со останатите млади за да ги поттикнат слободно да ги споделат своите мислења и искуства. Потоа, младите споделија како се чувствуваа за време на работилницата, какво било нивното ниво на знаење за антициганизмот пред и по работилницата и дали сега се мотивирани да дејствуваат против оваа форма на расизам.

**Прилеп: Една работилница**
Групата одржа работилници во средното училиште на еден од младите едукатори, поддржани од училиштето и младинскиот совет. Во Прилеп пристапот беше поформален бидејќи училиштето не дозволуваше интерактивни активности во текот на редовните часови. По презентацијата за антициганизмот, се одржа рефлексија и на учениците им беа поделени флаери со повеќе информации за оваа појава и можност да го проценат своето знаење за него.

## ФИДБЕК, ИМПАКТ И ЕВАЛУАЦИЈА

По спроведувањето на работилниците за кампањата, се одржаа претходно дизајнирани последователни активности.
Секоја работилница заврши со дебрифинг, евалуација и дискусија за последователните активности во рамките на присутните групи. Фокусот беше да се зголеми мотивацијата кај младите за учество во слични проекти. Целта беше да се создадат проактивни граѓани кои ќе го признаат постоењето на антициганизмот и ќе дејствуваат против него.

Процесот првично започна со размислување за тоа како се чувствуваат младите во текот на целата активност и да се проучи како се чувствувале за време на активностите и информациите што ги добиле. Во секоја работилница имаше слична глетка со неколку млади кои ги споделуваа своите чувства, а дел од групата беа плашливи и колебливи, но сепак добри слушатели. Повеќето учесници рекоа дека навистина им се допаѓаат активностите и пристапот.

Некои ги претпочитаа презентациите; други ја претпочитаа играта со изјави и активностите вклучувајќи повеќе движење и вклученост на публиката. 90% никогаш не слушнале за антициганизам до сега, а останатите го слушнале терминот, но не знаеле ништо конкретно. За време на размислувањето се покажа дека повеќето знаеле за антициганизмот на одреден начин, но не биле свесни како да го именуваат или дека може да се артикулира како вид на расизам.

По рефлексијата, младите разговараа за следните активности преку бреинсторминг за тоа како да се делува против антициганизмот. Повеќето студенти сакаа активно да учествуваат во борбата против антициганизмот во слободното време, а некои групи беа подготвени да одвојат од своето слободно време.

Секако, имаше и тивки слушатели на кои им требаше мал поттик за да ги споделат своите размислувања. Во Кратово присутните членови од локалниот младински совет се согласија дека би можеле да го вклучат антициганизмот во работилниците што ќе ги спроведуваат во иднина за расизам и дискриминација.

Евалуацијата првично беше планирана да биде онлајн откако учесниците го решија квизот за антициганизмот создаден од групата за граѓанска кампања. Секој можеше да пополни онлајн прашалник за евалуација по работилниците и кампањата. Сепак, по првата работилница, врсниците забележаа дека речиси никој не ги пополнува формуларите за евалуација, па решија дека евалуацијата ќе се одржи веднаш по работилниците по концептот „Ми се допадна“; „Не ми се допадна“; „Би сменил...“ Одговорите беа главно кратки и едноставни, со најчести одговори:

- **Ми се допадна:** кампањата, начинот на објаснување, поставување прашања, играта, едноставни објаснувања, примери, презентација, можност да го споделам моето мислење, квизот, информациите што ги добив за ромската историја и геноцидот...
- **Не ми се допадна:** ограниченото време, што немав претходно знаење за антициганизмот, антициганизмот, техничките проблеми...
- **Би променил:** ништо, следниот пат да бидам дел од организирање вакви активности, презентацијата (да се вклучи повеќе видеа и информации за геноцидот на Ромите), да се организира и друга активност на оваа тема...

## ЗАКЛУЧОК

Севкупно, текот на проектот во делот на граѓанската кампања беше непречен и беше постигнато очекуваното позитивно влијание меѓу едукаторите и целната група. При реализацијата на проектот наидовме на неколку горенаведени пречки, но сите беа надминати преку меѓусебна комуникација и разбирање.

Напорот на врсниците беше извонреден; тие навистина вложија многу работа за да ја нагласат важноста на спротивставувањето на антициганизмот. Набљудувањето на целните групи доведе до заклучок дека кампањата е разбирлива и интересна за нив, со оглед на фактот што повеќето од нив тврдеа дека сакаат да учествуваат во организирање на вакви настани и активности во иднина. До крајот на кампањата, стигнавме до 120 млади кои посветија внимание и ја иницираа својата волја да научат повеќе за антициганизмот. Ова може да се смета за успех како што споменаа самите едукатори. Еве совети и лекции научени од врсниците за време на евалуацијата на искуството од граѓанската кампања:

1. **Запознајте ги сите членови на тимот и почитувајте ги нивните граници:** Секој човек е различен и има различни интереси и вештини. Важно е да се препознае како функционира секој член и која е нивната комфорна зона кога се делат улогите и одговорностите.

2. **Одделете ги приватните и професионалните односи**: Младите лесно ќе се поврзат надвор од проектот. Во текот на овој проект двајца учесници имаа недоразбирање за приватни работи, а тоа влијаеше на нивната продуктивност и учество. Бидете сигурни да дадете до знаење дека комуникацијата и соработката во текот на проектот мора да течат непречено без оглед на нивните приватни работи.

3

**Учете еден од друг:** Никој не е сезнајко, дури и ако понекогаш ни се чини така. Разберете дека можете да научите од сите околу вас. Целната публика ќе ги каже своите мислења и перспективи, па дури и ако не се согласувате со некои од нив, важно е да научите за други гледишта и да научите од нив што може да се промени, а што не.

4

**Бидете трпеливи:** Промените не се случуваат преку ноќ. Потребни се години и векови за да се искорени токсичните размислувања, но тоа не значи дека не успевате. Понекогаш се потребни многу мали чекори за да се постигне голема промена; процесот може да одземе време или понекогаш да изгледа безнадежен, но многу е важно да му верувате на процесот и да останете трпеливи.

Врсниците беа презадоволни од тоа како се одвиваше целиот процес и забележаа дека стекнале и подобриле некои вештини кои се многу вредни за младинската работа.

**Еве дел од нивните впечатоци:**

*Едис: Навистина уживав во целиот проект и верувам дека правиме промена чекор по чекор со цел подигање на свеста за антициганизмот.*

*Марија: Како некој што немаше никакво познавање за антициганизмот, ова беше многу едукативно искуство за мене, и мило ми е што ќе го споделам ова со другите луѓе.*

*Катерина: Антициганизмот е опасен, а нашата работа е да направиме сè што е во наша моќ за да дејствуваме против него.*

*Глорија: Тоа што сум дел од оваа група ме натера да сфатам дека повеќето луѓе не знаат што е антициганизам. Затоа се навистина потребни вакви кампањи.*

# ДЕТЕКТИВСКИ ИГРИ

## ПЛАНИРАЊЕ И ОБУКА НА МЛАДИТЕ

Групата на врснички едукатори за детективска игра беше селектирана врз основа на истиот принцип како и групата за граѓанска кампања. Групата беше избрана според нивните вештини, интереси и претходно искуство. Моќта за одлучување им беше дадена на младите, а тие ги прецизираа нивните задачи и одговорности со водство од координаторот на организацијата.

Едукаторите се согласија дека сакаат да се фокусираат на историската перспектива на антициганизмот. Денес има многу стереотипи и предрасуди за ромските заедници кои се движат низ генерации без луѓето да го знаат нивното потекло и вистинската приказна зад нив. Тимот истражуваше и разговараше за историјата на Ромите и откри многу информации за кои никогаш порано не слушнале. Тие разговараа за одредени настани и периоди и решија да се фокусираат на 18 век и владеењето на австроунгарската царица Марија Тереза.

Обуката на младите едукатори ја одржавме онлајн со неколку состаноци лице в лице. Групата одржуваше редовни месечни состаноци на кои учеше за детективските игри врз основа на методологијата подготвена од Аутономија и Детективити. На средбите се разговараше и за фактите за антициганизмот и ромската историја како клучни елементи за подготовка на детективската игра.

Групата од четворица беше добро координирана и успеваше правично да ги распредели задачите меѓу себе и често да присуствува на состаноци.

На почетокот младите сакаа да создадат мистерија за убиство во која главен осомничен би бил Ром, а во заплетот би го покажале спротивното, дека осомничениот всушност имал намера да ја заштити жртвата. Меѓутоа, со оглед на случаите на злосторства од омраза што се случија во реалниот живот истовремено, тие подоцна ја отфрлија оваа чувствителна тема за да не предизвикаат дискомфорт. Групата потоа одлучи да ја заснова играта на модул чекор-по-чекор, при што секој чекор води до друг со цел да ги пронајде изгубените декрети издадени од Марија Тереза.

Групата се договори детективската игра да се игра во Скопје, Берово, Кратово и Прилеп. За секоја локација, врсниците мораа да ја адаптираат  и изменат играта според локациите.

**Скопје: Потрага по декретот на Марија Терезија**
Целта на детективската игра е да се најде декретот на австриската кралица Марија Терезија, кој содржи важни одлуки за ромската популација во Австрија од 18 век. Декретот вклучувал ужасни одлуки како што е целосна забрана на целата ромска култура во Австрија, крадење ромски машки деца за да ги направат војници, а потоа принудувајќи ги да погубуваат луѓе од нивната нација или блиско семејство.

Целната група ќе треба да го бара овој декрет за да го изложат во музеј. Надлежните не можат да го најдат, знаејќи дека претходно е веќе донесен во Скопје, но декретот мистериозно ќе исчезне, додека крадецот зад себе остава чудни писма.

Поради тоа ќе биде повикана специјална детективска екипа на помош за расчистување на случајот. Пред целната група (детективите) ќе се појави актер (кој всушност ќе биде крадецот) и ќе се претстави како долгогодишен вработен во музејот. Ќе ги лаже дека му е жал за исчезнувањето на декретот и дека сака што побрзо да го најде. Актерот цело време ќе биде со детективскиот тим за да ги насочува и во некои моменти да ги збуни. Играта ќе се состои од 4 точки: детективите ќе бидат ориентирани од

предмети, букви и знаци кои ќе бидат поставени на избраните локации. Заедно со самиот крадец, уште едно лице од фасилитаторите ќе ја придружува целната група и ќе им дава суптилни совети доколку е потребно. Трагите се во форма на писма и загатки и се користат различни алатки, како што се шалови, иглички, тајни кутии и гатанки.

Динамиката на групата при планирањето на игрите беше добра. Некои проблеми што беа забележани во групата беа:

1 **Неподготвеност да се прифатат критики:** групата имаше многу планови и креативност. Меѓутоа, кога ги анализираа идеите и некој им укажа на недостатоците, групата не сакаше да ги прифати промените.

2 **Предизвици за време на онлајн состаноци:** планирањето детективска игра бара да се биде на терен и да се запознае територијата и локациите на играта. Сепак, сите врсници беа од различни градови и секој од нив бараше во својата локална област за да најде соодветни локации. Ова им отежна на остатокот од групата да го планираат сценариото кога не ја знаеја точната околина.

3 **Недостаток на резервни планови:** Детективските игри се одвиваа на отворен простор, така што имаше многу непредвидливи фактори (времето, сообраќајот итн.) што го отежнуваа планирањето. И покрај тоа што за време на онлајн обуката овој аспект беше детално дискутиран, групата не беше на лице место подготвена за најлошите сценарија.

Главната причина за овие предизвици беше недостатокот на практично искуство со развивање и имплементирање на детективски игри. Како нова алатка за организацијата и за колегите беше предизвик да се претворат теоретското во практично знаење во одредени периоди. Во секој случај, секоја игра беше подобра од претходната бидејќи ги осознавме полека грешките и пропустите и се трудевме да избегнеме при повторување на секоја идна игра.

## ЗАДАЧИ И МОДУЛИ НА ВРСНИЧКАТА ОБУКА

Имајќи предвид дека детективските игри беа нова алатка за сите нас, а досега главно имавме теоретско знаење без скоро никакво практично искуство, модулите и задачите што им беа дадени на младите едукатори беа главно направени врз основа на методологијата и знаењето собрани на обуката што ја одржа Фондацијата Аутономија и Детективити од Унгарија. Задачите беа едноставни и лесни за разбирање и извршување.

Еве примери на модули и задачи за време на обуката на врсниците за детективската игра:

1 **Истражување и консултации:**
Поради недостаток на практично искуство, истражувањето и консултациите со партнерската организација беа клучен елемент за креирање на детективската игра. Методологијата и примерите дадени од партнерската организација беа меѓу најкорисните алатки што врсниците ги користеа како водич. Истражувањето и консултациите беа исто така важни за фактичката природа на историскиот период во кој беше дизајнирана детективската игра. Координаторот на организацијата им обезбеди на врсниците соодветни материјали и ги охрабри да истражуваат сами. Тие се консултираа и со наставник за ромската култура и историја.

2 **Создавање безбеден простор:**
Размислувањето за тоа како ќе се чувствува целната група за време на детективската игра е од суштинско значење, затоа е важно да се зборува на оваа тема. Ова доведе до отфрлање на идејата за мистерија за убиство. Бидејќи се предвидуваше дека целната група ќе бидат Роми и не-Роми на возраст од 15-30 години, беше заклучено дека иако пораката на крајот беше позитивна, со неодамнешните инциденти со криминал од омраза играта може да предизвика некои учесници да се чувствуваат

т вознемирени. Оваа идеја беше заменета со развивање на игра слична на лов на богатство која е инклузивна на повеќе нивоа и се занимава со прашањето на антициганизмот без да предизвикува негативни чувства.

3

**Правична распределба на задачите и подготовка на материјали:**
Ова беше клучна задача за двете групи. Меѓутоа, во оваа група беше тешко да се поделат задачите бидејќи сите имаа иста задача. Затоа, целта беше сите да придонесат подеднакво и правично. Сите четворица млади одиграа клучна улога при креирањето на детективската игра, бидејќи секој од нив мораше да учествува во истражувањето, изготвувањето, бреинстормингот, а исто така и истражување на локалното подрачје и обезбедување информации на другите врсници, воспоставување контакти со целните групи. , училишта, локални младински совети итн. При подготовката на материјалите сите учествуваа подеднакво бидејќи секој мораше да ги модифицира и прилагоди трагите според локациите и околината во своето локално подрачје.

4

**Координација на тимот:**
Оваа група работеше со методот на верижна реакција, па координацијата беше важен дел од функционалноста на групата. Групата беше добро координирана и имаше честа и продуктивна комуникација и интеракција. Создадоа приватна група за разговори во која имаа почеста комуникација. Групата се соочи со предизвици поради недостаток на состаноци лице в лице, особено кога имаа потреба од детали за четирите различни локации за детективската игра, но тие го надминаа предизвикот со тоа што успеаја да ги добијат потребните информации и правилно да ги пренесат.

## ДЕТАЛЕН ОПИС НА ДЕТЕКТИВСКАТА ИГРА

Детективските игри за останатите градови се создадени врз основа на нацрт верзијата спроведена во Скопје, но соодветно модифицирани според промената на локациите и околината. Контекстот и целта на играта останаа исти. Подолу е детален опис на детективската игра што се спроведуваше во Кратово:

| | |
|---|---|
| **Име** | Изгубениот декрет на Марија Терезија |
| **Метод** | Трага-до-трага |
| **Цел** | Подигнување на свеста за антициганизмот и ромската историја во наставните програми |
| **Време** | 90 минути |
| **Локација** | Кратово |
| **Таргет група** | Средношколци, млади Роми и не-Роми |
| **Задачи и Материјали** | Мапи, загатки, катанци, тајни кутии, тајни писма итн. |

## ОПИС НА ИГРАТА

**ТОЧКА 1:** училиште
Ќе се појави вработен во музејот и ќе ја извести групата дека декретот издаден од Марија Тереза е изгубен и треба да се врати за понатамошно сеќавање на овој историски период. Учениците се известуваат дека тие се детективите, кои мора да го најдат декретот и да бидат внимателни во текот на истрагата. Вработениот во музејот ги информира дека последното место каде што бил виден декретот била оваа училница и дека мора да има некаква трага од нејзиното исчезнување.
Учениците ќе тргнат да ја бараат првата трага: писмо залепено под клупа. Писмото ќе изгледа празно, но до хартијата ќе има пенкало (пенкалото е невидливо додека не ја користите светлината на капачето на LED пенкалото и дури тогаш ќе можете да видите што е напишано).

Првото писмо вели:

*„Дел од историјата лежи во срцето на еден од најстарите градови на Балканот. Додека да стигнете, светец во неговата куќа бдее над него.”*

Ова имплицира дека дел од декретот е во центарот на градот, чуван од светец, што значи дека го чува некаква статуа на светец. Овде текстот во писмото може да се смени и напише во однос на градот и локацијата.

**ТОЧКА 2: Статуа на Свети Ѓорѓи Кратовски**
На местото на статуата на Свети Ѓорѓи Кратовски ќе најдат плик со искинат дел од декретот со информации за Марија Тереза и уште еден плик со искинати делови од мапата и писмо не кое е закачен клуч.



Писмото на кое е закачен клучот вели:

*"Кутијата ја содржи тајната што ја барате. Чуварот на кутијата е човек во црно и само ако го замолиш да те слика, ќе може да ти ја предаде кутијата".*



**ТОЧКА 3: ПАБ**

Ова ги води до пабот Кратово, каде што ќе сретнат актер (келнерот) облечен во црно. Групата треба да го замоли да ги фотографира. Тој ќе го направи тоа и ќе им ја даде кутијата што е заклучена со синџир и катанец. Загатката е напишана со македонска азбука, а секоја буква претставува број што ќе треба да го сфатат.

| А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ | И | Ј | К | Л | Љ | М | Н | Њ | О | П | Р | С | Т | Ќ | У | Ф | Х | Ц | Ч | Џ | Ш |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

А е еднакo на бројот 1, Ш на бројот 31..

Сокриената порака ќе гласи:

20,19,5 22,7,17,13,1,23,1 17,122,23,1,21,10,23,7 2,19,21,19,3,11 20, 19,5 22,3,7,23,1 4,11,17,1 23, 1 22,12,1,12,17,1 12,1 29,25,3,1,16 9,1,13,19,20,1,17,1 16,19,12,1,23,1 23,1,12,17,1

**Под сенката на старите борови, под светлината сјајна ја чувам закопана мојата тајна**


А а, Б б, В в, Г г, Д д, Ѓ ѓ, Е е,
Ж ж, З з, Ѕ ѕ, И и, Ј ј, К к, Л л,
Љ љ, М м, Н н, Њ њ, О о, П п,
Р р, С с, Т т, Ќ ќ, У у, Ф ф, Х х,
Ц ц, Ч ч, Џ џ, Ш ш.

**ТОЧКА 4: Стари борови**
Ова ќе ги одведе до старите борови во Кратово, каде што ќе најдат мала дупка за копање со заглавена лопата во неа. Таму, во кутија, ќе го најдат четвртиот и последен дел од декретот и мала порака која вели:

ЧЕСТИТкИ! УСПЕАВТЕ ДА ГО ПРОНАЈДЕТЕ И ПОСЛЕДНИОТ ИЗГУБЕН ДЕЛ ОД ИСТОРИСКИОТ ДЕКРЕТ, НО ДАЛИ СТИГНАВТЕ ДО КРАЈОТ?



Откако ќе откријат дека малите букви заедно го прават зборот **Кратис**, ќе ја откријат конечната локација или точка и ќе се упатат таму.

**ТОЧКА 5:** Кратис (хотелски ресторан)
Групата ќе оди во ресторанот, каде на масата ќе ги чекаат „детективски сертификати“. Ќе биде објаснета целата приказна за Марија Тереза, ќе го анализираат целосниот декрет и ќе се развие дискусија.

Сите други детективски игри беа модифицирани според различни локации и места, но беа имплементирани со истиот концепт и методи.

По секоја игра, учесниците беа почестени со пијалок (без алкохол) и со сертификати за нивната успешна мисија да бидат детективи. Тие потоа разговараа за антициганизмот и историјата на Ромите. Учесниците се рефлектираа на играта, истакнувајќи ги омилените делови, но и деловите кои ги збунија. Повеќето учесници претходно не слушнале за антициганизмот и не знаеле што значи тоа, па младите едукатори ја фасилитираа дискусијата на оваа тема со цел да го зголемат своето знаење.

## ФИДБЕК, ИМПАКТ И ЕВАЛУАЦИЈА

Целта на играта беше да се подигне свеста за историјата на Ромите и зошто е важно да се научи за неа од нивните наставници. Денес, постои општ недостаток на информации за геноцидот на Ромите, присилните асимилации, масовните убиства, сегрегацијата и спроведените закони против ромската заедница. Овој дефицит на знаење е една од главните причини за појава на антициганизам. Со оваа детективска игра имавме намера да ги разбиеме стереотипите за ромската заедница, но и да го зајакнеме културниот идентитет на Ромите преку учење за сопствената историја. Зачудувачки факт беше дека многу млади Роми не знаеја за својата историја. Особено помладите учесници сè уште го користеа зборот „циган“ и не беа свесни за неговото значење.

Детективската игра за декретите на кралицата Марија Тереза и присилната асимилација на ромската заедница послужи како катализатор за важни дискусии за потребата од инкорпорирање на ромската историја во училишните програми. Искуството на учениците ја нагласи вредноста на разновиден и инклузивен образовен пристап кој ги опфаќа историите и искуствата на сите заедници, поттикнувајќи емпатија, разбирање и единство меѓу учениците и идните генерации.

Во текот на детективската игра, најмалку еден наставник во секое училиште придонесе за дискусијата за важноста на сеќавањето на историјата, особено преку образовните институции. Нагласивме датуми важни за ромската заедница: Меѓународен ден на Ромите, Ден на ромскиот јазик, Ден на сеќавање на Ромскиот геноцид, Ден на отпорот на Ромите итн. Се договоривме дека на еден од овие датуми во иднина во соработка со училиштата треба да се организира информативни активности. Детективската игра им овозможи на студентите платформа за да ги оспорат стереотипите за ромската заедница.

Тие ја сфатија важноста да се отфрлат митовите и да се промовира попрецизно и понијансирано разбирање на оваа разновидна култура.

Првично, целта беше да се даде значење на темата и да се вклучи во училишните програми, што на некој начин се случи. Детективските игри започнаа во просториите на училиштето и многу наставници ја покажаа својата љубопитност за тоа, привлекувајќи внимание на темата антициганизам. Показател за влијанието што го постигнавме е и фактот што училиштата ја понудија својата соработка имајќи ги предвид идните активности кои ја покриваат оваа тема. Младите едукатори создадоа групна дискусија каде секој можеше да го оцени своето искуство: „Ми се допадна, не ми се допадна, би променил…“.

Исходот од евалуацијата беше дека на сите им беше интересно и одлично се забавуваа, стекнувајќи знаење во процесот. Тие изразија интерес за повторно учество на овој вид на игра. Речиси сите впечатоци беа позитивни, а учесниците се чувствуваа многу поблиски до нивната заедница, а нeромите со ромската заедница бидејќи низ учењето на нивната историја чувствуваа дека ги кршат невидливите бариери во нивните умови.

## ЗАКЛУЧОК

Користењето детективски игри како алатки за справување со општествените проблеми беше новина за нашата организација и за младите едукатори. Влијанието постигнато за време на имплементацијата на детективските игри истакна дека детективноста е моќна алатка која е привлечна за

помладата публика. Интерактивната природа на концептот на детективност и можноста да ги искористите вашите набљудувачки и оперативни вештини се покажаа како ефикасен начин за учење и подигање на свеста за проблемот што се трудите да го решите. Иако во текот на игрите и тренинзите наидувавме на предизвици, некои беа успешно надминати, а други останаа научени лекции. Така, врз основа на искуството на младите врсници и процесот на имплементација на игрите, еве неколку совети како да го задржите фокусот кога развивате детективски игри.

1

**План А, Б, В**

Размислете за најлошото сценарио иако можеби нема да се оствари. Секогаш е подобро да се биде подготвен. Ноќта пред нашата прва игра, врнеше силен дожд а играта главно се одвиваше надвор. Локациите беа веќе поставени, а беше невозможно да се импровизира еден ден пред активноста. За среќа, следниот ден времето ни беше во прилог. Исто така, секогаш треба да имате два примероци од вашите траги и предмети. Може да се случи една трага да биде уништена или исчезната.

2

**Импровизирајте**

Кога нешто не оди според планот, импровизирајте и преправајте се дека тоа е дел од планот. Ако групата ги наоѓа трагите побрзо од предвиденото, можете да им отежнете. Дајте им збунувачки изјави или идеи. Ова треба да ви купи време и да створи поголем предизвик за нив.

### 3 Оставете ги вашите очекувања зад себе

Напорно се трудевте, планиравте сè за да направите позитивни промени во размислувањата на групата. Но, некои млади се таму само за забава, или само затоа што нивните наставници им го кажале, а тие ги сакаат тие плус поени (во овој случај). Ова е во ред затоа што неколкуте кои искрено се грижат за проблемот ќе направат да се чувствувате горди што сте ја креирале играта.

### 4 Групна дискусија и соработка

Кога учесниците се повлечени, поттикнете ги и скршете го мразот. Детективските игри се за тимска работа, затоа набљудувајте ја динамиката на групата и интервенирајте доколку е потребно.

Целиот процес на креирање и имплементација на играта беше позитивно искуство врз основа на евалуацијата на врсничките едукатори. Тие веруваат дека оваа алатка ќе биде од значајна употреба во иднина при решавање на општествени прашања. Нашата организација исто така го усвојува овој нов аспект на борба против антициганизмот и сигурни сме дека тоа ќе им даде многу поинаква и поинтересна перспектива на младите луѓе, а исто така и еден вид освежување на позрелата публика кога се справува со расизмот и дискриминацијата.

Регионална Ромска Образовна
Младинска Асоцијација РРОМА
Тошо Кукоски бб 1360 Кратово
Северна Македонија
Телефон: +38931481189
Е-мејл: info@romassn.org
Вебсајт: www.romassn.org